Архивски број: 08-. 75/1

14.01.2026 година

Постапувајќи по претставката бр.08-767/1 од 31.10.2025 година, поднесена од лицето --------------, против --------------, за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на личен или општествен статус во областа на работата и работните односи од -------------- врз лицето --------------.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 31.10.2025 година лицето --------------, вработен во -------------- поднесе претставка бр.08-767/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Во претставката, подносителот пријавува системска и долготрајна дискриминација од страна на раководството на --------------, која се манифестира преку: дискриминаторско распоредување на работни задачи, неисплата на законски и договорени права, како и селективно и нееднакво однесување кон него во однос на другите вработени, што создавало понижувачка и непријателска средина, а со цел да биде дискриминиран во однос на другите вработени. Наведува дека бил распоредуван континуирано на работа во подрачни училишта и во комбинирани паралелки со што е изложуван на дополнителни трошоци за пат и работа во потешки услови, додека неговите колеги од истиот актив работат во централното училиште под подобри услови. На 25.08.2025 година поднел официјално барање за исплата на додаток за комбинирана паралелка врз основа на Колективниот договор, но не добил одговор. Во прилог доставува доказ дека на другите колеги за истата работа им се исплатува наведениот додаток. Оваа постапка на раководството на училиштето е потврдена како прекршок од страна и на Државниот трудов инспекторат за што во прилог доставува Известување од вонреден инспекциски надзор бр.34-4,9 од 06.10.2025 година. Понатаму во претставката наведува дека е дискриминиран и во однос на исплатата паричната помош поради смрт на родител, за кое право донесено е позитивно решение кое сеуште не му е исплатено, додека на други вработени се извршени исплати. Во претставката истакнува дека ваквата системска дискриминација предизвикала сериозни последици врз неговото физичко и психичко


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

здравје и врз неговата мотивираност за квалитетно извршување на неговата наставна работа.

-------------- врз основа на барање бр. 08-767/2 од 06.11.2025 година на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се изјасни по наводите од претставката и достави одговор бр.08-767/3 од 25.11.2025 година. Во одговорот на претставката се истакнува дека наводите на подносителот се неосновани од повеќе причини. Во однос на дискриминаторската работна распределба се наведува дека подносителот со договорот за работа склучен со училиштето е вработен како наставник по физичко воспитување во предметна настава и изборни предмети во подрачното училиште во с. --------------, с.-------------- и централното училиште. Во учебната 2024/25 година подносителот бил распореден да спроведува настава во централното училиште и во подрачното училиште во с. -------------- и с. --------------, додека во учебната 2025/2026 година на негово барање бил распореден да спроведува 9 наставни часа во централното училиште и 12 наставни часа во подрачното училиште во с. --------------. Покрај подносителот, во подрачното училиште во с. -------------- распореден е уште една наставник по физичко воспитување со 16 наставни часа, а во с. -------------- наставата по физичко воспитување ја спроведуваат двајца наставници од кои едниот наставник спроведува настава во две смени. Од овие причини сметаат дека наводите се неосновани и дека распоредот е направен согласно Законот за основно образование. Истовремено, наведуваат дека подносителот при потпишување на договорот за вработување се согласил со условите од член 7 од договорот ( во прилог) според кој во случај на потреба работникот е согласен да биде распореден на секое работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка. Во однос на законски и договорени права за кои подносителот тврди дека е дискриминиран во однос на другите наставници, се наведува дека во училиштето во с. -------------- додаток за комбиниран паралелка добиваат само учителките во одделенска настава, додека наставниците по предметна настава не добиваат. Во однос на ова наведуваат дека подносителот има поднесено пријава до Државниот трудов инспекторат, и училиштето е задолжено да донесе акт и да му исплати додаток за работа во комбинирана паралелка за учебната 2024/25 ( Прилог решение со опомена на ИП1 30-68 од 01.10 2025 година) кое од страна на училиштето е обжалено. Во однос на дискриминација при исплата на парична помош поради смрт на родител, во одговорот доставен од училиштето се наведува дека не може да се предвиди во годишните финансиски планови средства за исплата на ваков вид парична помош бидејќи претставуваат ад Пос ситуации, ниту пак имало предвидено средства токму за подносителот пред 15 ти јули 2025. (Прилог Службен гласник бр.9 од 15/07/2025 на општина Кочани). Во однос на исплатата на парична помош, известуваат дека исплатените средства на име парична помош и отпремнина на колегите во август и септември 2025 година, се извршени врз основан на финансиски план изготвен на почетокот на месец јули. Ребалансот на буџетот на училиштето бил доставен до советот на општина Кочани и одобрен на 15 јули 2025 година, во кој буџет беа одобрени и средствата за наведените колеги, кои доставиле претходно барања во мај и јуни 2025 година и кои им се исплатени паричните средства подоцна во август и септември 2025


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

година. Според наводите, правото на парична помош поради смрт на член на семејство подносителот го има остварено по 15 ти јули 2025година, поради што и истото ќе биде исплатено кога буџетот на училиштето ќе биде одобрен од страна на советот на општината, кој имал застој во работата поради настаните во Кочани. Дополнително укажуваат дека училиштето има донесено решение исплата на парична помош поради смрт на родител на 28.07.2025 година, а по поднесено барање од подносителот. Согласно сите горенаведени причини, наводите на подносителот дека раководството на училиштето има за цел да му наштети на неговото професионално достоинство не се основано во целост. Ниту еден наставник по физичко воспитување, кој работи во с. ---------------не добива додаток за работа со комбинирана паралелка, поради што и не постои различно однесување на раководството на училиштето спрема подносителот во однос на останатите наставници по физичко воспитување или друга предметна настава. Во однос на наводите дека подносителот се чувствува како жртва, истиот до сега не користел боледување, ниту има поднесено медицински белешки, во кое му се констатирани наведените последици. Наводите дека кај подносителот е намален моралот што директно влијае на квалитетот на неговата наставна работа, се неосновани од причини што за истата, како вработен редовно добива плата. Според наводите од известувањето на училиштето, подносителот на претставката има поднесено пријава за мобинг до трудов инспекторат, по која пријава со Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.30-126 од 10.11.2025 година, не се утврдени неправилности во работењето на училиштето (Прилог записник од трудов инспекторат).

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е извршена дискриминација кон подносителот на претставката од страна на неговиот работодавач врз основа на негово лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи. Од утврденото произлегува дека не е идентификуван нееднаков третман, ниту понеповолно или различно постапување кон подносителот во однос на другите вработени. За да стане веројатно тврдењето за дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителот кон потенцијалниот дискриминатор, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот треба да докаже постоење јасна причинско-последична врска помеѓу дискриминаторската основа и настанатата повреда. Во конкретниот случај подносителот како дискриминаторски основи ги навел лично својство и општествен статус, не појаснувајќи на што точно се однесува неговото тврдење. Подносителот не докажал дека работодавачот постапувал кон него понеповолно во однос на други вработени кои биле во иста или слична ситуација, бидејќи сите работат во исти работни услови. Во однос на остварувањето на правата од работен однос подносителот водел постапка согласно Законот за работни односи и Законот за заштита од вознемирување на работно место. Во недостаток на врска помеѓу дискриминаторската основа и повредата, како и во отсуство на докажано понеповолно постапување, не може да стане збор за дискриминација. Од наведеното


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

произлегува дека не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

„ Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,

Претседател,
Душан Томшиќ

*Доставено до:*

1. *Подносителот*
2. *---------------*
3. *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk